ПЛАНИРАЊЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА ПО МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК ЗА ТРЕТО ОДДЕЛЕНИЕ

| | |
|---|---|
| **Предмет :** Македонски јазик | III ( трето) одделение |
| **Наставно подрачје / тема:** Медиумска писменост и медиумска култура | Време на реализација – 15 часа |
| Изработил : Одделенски наставник Наташа Тодоровска | ООУ „ Ѓорѓи Сугарев“ - Битола |
| Адаптирал : | ООУ „ |

**РЕЗУЛТАТИ ОД УЧЕЊЕ**

**Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да:**

- ✓ наведува примери за да објасни/опише како медиумите влијаат врз корисниците;
- ✓ објасни како безбедно се користи мобилен телефон за пристап до информации преку апликации;
- ✓ пребарува и наоѓа потребни информации на интернет преку користење клучни зборови;
- ✓ креира едноставни медиумски содржини со поврзување текст со илустрации.

| Содржини (и поими) | Стандарди за оценување | Часови | Активности | Средства | Следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| Влијание на медиумите<br><br>(проблема-тични и поучни информации, манипула-тивни содржини | Прави разлика поме-ѓу проблематични и поучни информации во медиумските со-држини. | 1 | *Наставникот прави избор на повеќе медиумски содржини (извадоци од цртани филмови, стрипови, видео игри и сл.) кои прикажуваат проблематични ситуации (насилство, навреди, лаги, стереотипи, дискриминација, навредување, малтретирање итн.) и/или се поучни (поттикнуваат другарство, разбирање, помагање, или овозможуваат да се научи нешто корисно).<br>*По прикажувањето на секоја медиумска содржина од учениците се бара да дигнат зелено или црвено картонче (зелено ако е поучна, а црвено ако е проблематична) и да образложат зошто мислат така. Се поведува дискусијаза тоа кога дадените информации се сметаат за проблематични, а кога за поучни и кои би биле последиците доколку истите ситуации се случуваат во реалноста.<br>*Учениците во групи дискутираат за слики кои покажуваат проблематични/поучни стуации и ги лепат | слики<br><br>табла<br><br>хамер<br><br>маркери<br><br>селотејп<br><br>работен лист<br><br>ножици<br><br>лепило<br><br>молив | Одговор на пра-шања со целосна реченици<br><br>Прави разлика помеѓу проблема-тични и поучни информации во медиумските содржини<br><br>Поврзува пробле-матични и поучни информации во медиумските содржини со реал-ни ситуации<br><br>Активно учество |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Влијание на медиумите<br><br>(проблема-тични и поучни информации, манипула-тивни содржини | | | на соодветно место во работен лист. | | во групни актив-ности |
| | Објаснува (преку пример) како содржините во медиумите влијаат врз емоциите | 1 | *Преку презентација учениците следат фотографии со изразени емоции (пр. дете кое плаче по изгубеното милениче, дете што е изгубено во шума, дете што дува свеќички за роденден, дете што се гушка со родителите), и се искажуваат која емоција е прикажана.<br>*Учениците се поделени во групи и секоја влече ливче на кое е напишана една емоција (пр. среќа, радост, тага, страв, љубов). Нивна задача е да посочат медиумски содржини (цртан филм, игран филм, детска серија, песна, видео клип) што предизвикале таква емоција кај нив. Откако сите групи ќе ги споделат своите искуства, преку отворена дискусија се заклучува дека повеќето медиумски содржини се креирани така да предизвикаат емоции кај корисниците.<br>*Учениците следат видео во кое препознаваат разни емоции преку изразот на лицето и телото на ликовите<br>https://www.youtube.com/watch?v=MeNY-RxDJig | фотографии<br><br>работен лист<br><br>смарт табла<br><br>видеобим<br><br>компјутер<br><br>звучници<br><br>бела табла | Одговор на пра-шања со целосна реченици<br><br>Преку примери објаснува како медиумските содржини влијаат на емоциите<br><br>Одговори во работен лист<br><br>Активно учество во групни актив-ности |
| | Идентификува манипулативни содржини во медиумите. | 2 | * Наставникот на табла црта две лица – едно намуртено и друго расположено. Учениците се делат во четири групи. (2 x 2 ) групи добиваат ист текст.<br>1 Група добиваат лист со следниот текст: На една планета си живееле Банци и Донци. **Банците** биле паметни, трудољубиви, гостољубиви и секогаш расположени. За разлика од нив **Донците** биле мрзливи, љубоморни, агресивни и секогаш намуртени.<br>2 група го добиваат следниот текст: На една планета си живееле Донци и Банци. **Донците** биле паметни, трудољубиви, гостољубиви и секогаш расположени. За разлика од нив **Банците** биле мрзливи, љубоморни, агресивни и секогаш намуртени. Во рамки на секоја група се договараат кој цртеж на таблата ги претставува Банците, а кој Донците. Потоа, наставникот прашува кое | табла<br><br>маркери<br><br>креди во боја<br><br>работен лист<br><br>смарт табла<br><br>видеобим<br><br>компјутер<br><br>звучници<br><br>бела табла | Одговор на пра-шања со целосна реченици<br><br>Препознава манипулативни содржини во медиумите<br><br>Одговори во работен лист<br><br>Активно учество во групни актив-ности |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | лице го поврзале со едните, а кое со другите. Откако ќе се констатира дека изборот е различен за различни групи, групите го читаат текстот што го добиле и се констатираат разликите.<br>*Се отвора дискусија по следните прашања:<br>1. Дали тој што го напишал текстот за расположените Банци и намуртените Донци е Банец или Донец? Кој го напишал другиот текст?<br>2. Како ги доживеавте Банците и Донците? Од што зависеше тоа?<br>3. Што би се случило доколку се сними филм инспириран од едната верзија, без да се знае другата?<br>4. Кои (Донците или Банците) ќе им бидат посимпатични на гледачите?<br>*Наставникот презентира примери од реклами за некои производи (пр. средство што чисти сè, паста за заби што е најдобра за користење, витамини што даваат сила) и во дискусија се заклучува дека медиумските содржини многу често се креираат така да се истакнат само некои работи или да се извртат работите во нечија корист. | | |
| Користење мобилен телефон<br><br>(паметен уред, апликации за телефон/ паметен уред,<br><br>икони, | Наведува апликации на мобилен телефон/паметен уред кои се корисни и безбедни за користење | 1 | *Учениците се искажуваат по прашањата:<br>1.Зошто мобилните телефони се нарекуваат паметни телефони? (Очекуван одговор: освен што овозможуваат да се водат телефонски разговори, може и дапренесуваат информации).<br>2. Кои други уреди се паметни? (Очекуван одговор: таблети).<br>*Учениците во групи бараат апликации на мобилните телефони (кои се дел од телефоните - не треба дополнително да се инсталираат) преку кои можат да прочитаат колку е саатот, да разговараат по телефон, да праќаат и примаат пораки, да фотографираат и снимаат и да ги чуваат направените фотографии/снимки, да користат календар, да ја следат сопствената активност, да слушаат музика и гледаат видео снимки и да играат | мобилни телефони<br><br>работен лист<br><br>смарт табла<br><br>видеобим<br><br>компјутер<br><br>бела табла<br><br>самолепливи стикери | Одговор на пра-шања со целосна реченици<br><br>Препознава апликации на мобилен телефон/паметен уред кои се корисни и безбедни за користење<br><br>Одговори во работен лист |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| емотикони) | | | видео игри.<br>*Се даваат насоки на самолепливи стикери да цртаат икони за секоја од апликациите кои ги пронајдоја во мобилни телефони застапени во одделението. Истите се лапет на таблата или на постер од хамер.<br>Преку отворена дискусија се изведуваат заклучоци:<br>1. наведените апликации се безбедни за користње затоа што се дел од телефоните<br>2. најголем дел од апликации што ги има на паметните телефони може да се сретнат и на таблетите,претставени со исти или слични икони. | боички | Активно учество во групни актив-ности |
| Користење мобилен телефон<br><br>(паметен уред, апликации за телефон/ паметен уред,<br><br>икони, емотикони | Ја објаснува (преку пример) разликата меѓу одговорно и неодговорно користење на мобилен телефон. | 1 | *Учениците, поделени во групи добиваат работен лист со ситуации на вообичаено користење мобилните телефони, со задача преку дискусија во групите да идентификуваат кои описи укажуваат на одговорно, а кои на неодговорно користење. **Пр.**<br>1. За време на ручек, Филип чита и пишува пораки на мобилниот телефон. ( Очекуван одговор Неодговорно/несоодветно)<br>2.Додека учи, Енис го чува мобилниот телефон вон видното поле. (Очекуван одговор: Одговорно/соодветно)<br>3. Санела го користи мобилниот телефон за да најде информации што му требаат за да ја напише домашната. (Очекуван одговор: Одговорно/соодветно)<br>4. Маја го користи мобилниот телефон секој ден, по три саати и повеќе, за играње видео игри. (Очекуван одговор: Неодговорно/несоодветно)<br>5. Милан скришно чита и пишува пораки на мобилниот телефон за време на часовите. (Очекуван одговор: Неодговорно/ несоодветно)<br>*Групите ги презентираат своите одговори и даваат образложение зошто одговориле така, а наставникот ги насочува кон аргументи кои водат до очекуваниот одговор.<br>*Преку дискусија се заклучува дека прекумерно | презентација<br><br>компјутер<br><br>видеобим<br><br>звучници<br><br>мобилни телефони<br><br>работен лист | Одговор на пра-шања со целосна реченици<br><br>Препознава одговорно и неодговорно користење на мобилен телефон<br><br>Одговори во работен лист<br><br>Активно учество во групни актив-ности |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Користење мобилен телефон<br><br>(паметен уред, апликации за телефон/ паметен уред,<br><br>икони, емотикони | | | поминување време на мобилен телефон го спречува навременото завршување на другите работи и придонесува за содавање нездрави навики (најчесто е замена за физичка активност и вистинско другарување).<br>https://www.youtube.com/watch?v=MVUTOuhiwxY<br>*Учениците следат видео кое објаснува како правилно да се користат мобилните телефони од страна на децата | | |
| | Објаснува (преку пример) зошто лозинката за телефонот не треба да се споделува со другите. | 1 | *На учениците им се презентира ситуација во која се злоупотребува туѓ мобилен телефонот за испраќање несоодветни пораки на други ( Другарите на едно дете му барале да им ја каже лозинката за неговиот мобилен телефон. Од почеток детето не сакало да им ја каже, но откако му ветиле дека нема да ја злоупотребуваат им ја кажало. Потоа скришно му го зеле телефонот и од него им праќале непријатни пораки на други деца).<br>*Учениците, поделени во групи, одговараат на прашањата:<br>1. Зошто детето ја дало лозинката?<br>2. За што била употребена?<br>3. Како тоа му наштетило на детето?<br>4. Како уште можел да се искористи телефонот за да му се наштети на детето?.<br>*Преку дискусија се заклучува дека со откривање на сопствената лозинка се нарушува правото на приватност на детето и се овозможува злоупотреба на телефонот за да му се наштети на самото дете. | презентација<br><br>компјутер<br><br>видеобим<br><br>звучници<br><br>мобилни телефони<br><br>работен лист | Одговор на прашања со целосна реченици<br><br>Наведува примери зошто зошто лозинката за телефонот не треба да се споделува со другите.<br><br>Одговори во работен лист<br><br>Активно учество во групни активности |
| | Ја објаснува (преку пример) разликата меѓу одговорна и | 1 | *Учениците, поделени во групи добиваат работен лист со описи на комуникација преку пораки на мобилен телефон, со задача преку дискусија во групите да идентификуваат кои описи укажуваат на одговорна, акои на неодговорна комуникација.<br>1. Ана пишува погрдни коментари за други кога мисли дека го заслужиле тоа. (Очекуван одговор: Неодговорно) | презентација<br><br>компјутер<br><br>видеобим | Одговор на прашања со целосна реченици<br><br>Наведува примери на одговорна и неодговорна |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Користење мобилен телефон<br><br>(паметен уред, апликации за телефон/ паметен уред,<br><br>икони, емотикони | неодговорна комуникација преку мобилен телефон (преку разговор или пораки). | | 2. Анета не споделува доверливи информации за другите преку пораки. (Очекуван одговор: Одговорно)<br>3. Александар не се смета себе си за виновен доколку на Марко му притил порака што е навредлива за Иван. (Очекуван одговор: Неодговорно)<br>4. Арта смета дека може да напише што сака за некој друг доколку не го наведе неговото/нејзиното име вопораката. (Очекуван одговор: Неодговорно)<br>5. Агим не пишува навредливи работи за другите дури и тогаш кога сака да се шегува со нив. (Очекуван одговор: Одговорно)<br>6. Атиџе не пишува во порака нешто што не е соодветно да му го каже некому во лице. (Очекуван одговор: Одговорно)<br>*Презентација од групите, а наставникот ги насочува кон аргументи кои водат до очекуваниот одговор.<br>*Преку дискусија се изведуваат заклучоци дека споделувањето пораки што навредуваат и критикуваат некого или содржат доверливи информации за некого претставува неодговорна комуникација затоа што го повредува оној на кого се однесува, без оглед на тоа дали пораката ќе стигне до него и/или ќе ја дознаат други на кои не им е наменета. | звучници<br><br>мобилни телефони<br><br>работен лист | комуникација преку мобилен телефон<br><br>Одговори во работен лист<br><br>Активно учество во групни активности |
| | Илустрира текстуална порака со соодветен емотикон. | 1 | *Учениците, поделени во групи, влечат по еден лист на кој се напишани три пораки со различна содржина. Пр.<br>- среќа, радост, задоволство (Имам нови патики);<br>- тага (Жал ми е за твоето маче);<br>- лутина ( Заради тебе мене ме караа);<br>- љубов (Баш си срцка);<br>- согласување, поддршка (Одлично го направи тоа);<br>- загриженост ( Уште имаш температура?);<br>- шеговита, иронична содржина (Уживав додека ја пишував домашната).<br>*Секоја група ги пишува пораките во мобилен телефон, им додава соодветен емотикон и ги праќа до ученици од | презентација<br><br>компјутер<br><br>видеобим<br><br>звучници<br><br>мобилни телефони | Одговор на прашања со целосна реченици<br><br>Илустрира текстуална порака со соодветен емотикон<br><br>Одговори во работен лист |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | другите групи. Секоја група ги чита пораките што ги добила, го црта на табла емотиконот вклучен во пораката и кажува како го доживеала.<br>* Преку заедничка дискусија се утврдува кои емотикони за која емоција биле користени и се заклучува дека иста емоција може да се изрази со различни емотикони. | работен лист<br><br>табла<br>креда/маркер | Активно учество во групни активности |
| Пребарување на интернет (линкови, клучни зборови, Google | Објаснува (преку пример) што претставува интернетот. | 1 | *Учениците се искажуваат дали знаат што е интернет и за што служи.<br>*Наставникот на таблата црта големо дрво со многу гранки. Учениците на одделни стикери (најмалку педесетина) запишуваат: комјутер, таблет, мобилен телефон и ги закачуваат на дрвото како листови. Наставникот ги води учениците да замислат дека дрвото претставува интернет мрежа – секој лист од дрвото е еден компјутер или паметен уред и дека целата крошна може да има илјадници листови што се поврзани со гранките преку кои „комуницираат“ едни со други (добиваат и споделуваат информации).<br>*Учениците следат фотографија од „шема“ на поврзани компјутери во мрежа низ училиштето, низ градот, низ целиот свет и изведуваат заклучоци дека секоја информација може да се пренесе и да се добијат најразлични податоци од секоја област преку користење на интернет.<br>*Учениците споделуваат свои искуства од пребарување на интернет и кажуваат дали самите пребарувале, дали со некој возрасен, што дознале при тоа, што уште би сакале да дознаат со пребарување. | табла/ креда/ маркер<br><br>самолепливи стикери<br><br>презентација<br><br>фотографии од интернет<br><br>видеобим<br><br>компјутер<br><br>звучници<br><br>таблети<br><br>мобилни телефони<br><br>лаптопи | Одговор на прашања со целосна реченици<br><br>Го знае значењето на интернетот<br><br>Активно учество во групни активности<br><br>Изведува заклучок за внимателно користење на интернетот преку паметните уреди |
| | Определува клучни зборови во реченици и куси текстови. | | *Учениците, поделени во групи, добиваат листови со напишани различни покуси текстови на одредена тема (пр. домашни миленичиња, превозни средства) со задача да ги издвојат најбитните зборови на кои се однесува реченицата/текстот (домашни миленичиња, куче, маче, папагалче, превозно средство, автомобил, авион, итн.).<br>*Групите ги читаат нивните размислувања и преку | работен лист<br><br>табла/ креда/ маркер<br><br>видеобим | Одговор на прашања со целосна реченици<br><br>Ги знае основните чекори за пребарување на |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Пребарување на интернет (линкови, клучни зборови, Google | Наоѓа потребна информација на интернет преку пребарување на Google. | 2 | отворена дискусија се заклучува дека издвоените зборови се сметаат за клучни зборови затоа што ја пренесуваат главната информација што ја содржи текстот, односно укажуваат на темата со која се бави текстот.<br>*Учениците следат насоки како да пребаруваат наGoogle во врска со темата (пр. домашни миленичиња, превозни средства) и кои клучни зборови треба да ги користат:<br>1. се отвора „пребарувачот Google;<br>2. се внесува точно клучниот или комбинација од неколку клучни зборови или кусо прашање во врска со информацијата што сакаат да ја дознаат;<br>3. се кликнува „барај (search)" или копчето „enter"<br>4. се отвораат линковите што ги даваат бараните информации.<br>*Групите ги запишуваат добиените информации во врска со темата. Секоја група ги кажува клучните зборови по кои пребарувала и ги презентира добиените информации пред другите.<br>*Во отворена дискусија се споредуваат клучните зборови, односно кусите прашања што секоја група ги кристела при пребарувањето и се утврдува нивната важноста за добивање соодветни информации. | компјутер<br>звучници<br>таблети<br>мобилни телефони<br>лаптопи | интерент по клучни зборови<br>Активно учество во групни активности |
| Креирање едноставни медиумски содржини | Користи различни начини за презентирање информации<br>(текст, слика/фотографија, видео снимка). | 1 | *Учениците се поделени во групи. Подготвени се листови за групна работа:<br>Прва група- Информација дадена преку текст (Пр. Едно девојче имало црно куче како домашно милениче, а нејзината другарка имала аквариум со рипки). Треба да го претстави текстот со слики/фотографии.<br>Втора група- Информација дадена преку слика/фотографија ( Пр. деца на роденденска прослава, Групата треба да напише кус текст (5 реченици)<br>*По презентацијата на учениците се прашуваат дали им беше полесно да ја презентираат ситуацијата со текст | работен лист<br>табла/ креда/ маркер<br>видеобим<br>компјутер<br>звучници | Одговор на прашања со целосна реченици<br>Презентира информации со слика, текст и видео снимка<br>Активно учество во групи |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | или со слика/фотографија.<br>*Учениците во група добиваат задача со помош на телефоните да направат кусо видео (во кое самите глумат) и сосема накусо (со најмногу 4 реченици) да ја опишат ситуацијата што е претставена во него. Секоја група го презентира сработеното пред другите. | таблети<br><br>мобилни телефони | активности |
| | Создава медиумска содржина на дадена тема составена од текст и слика, фотографија или видео снимка. | 2 | *Учениците, поделени во групи, со влечење ливче избираат тема за која треба да креираат медиумска содржина составена од кус текст кој самите ќе го смислат и фотографии или видео снимка кои самите ќе ги подготват.Пр.<br>- Чувствата што се јавуваат при доживување успех;<br>- Избегнување опасни ситуации со непознати лица;<br>- Пренесување заразни болести кај децата и сл.<br>Текстот не треба да биде подолг од 5 реченици, а фотографиите и снимките можат да ги направат со користење на мобилен телефон и со самите нив како учесници кои „глумат“ определена ситуација.<br>*Секоја група го презентира сработеното пред другите. | работен лист<br><br>табла/ креда/ маркер<br><br>видеобим<br><br>компјутер<br><br>звучници<br><br>таблети<br><br>мобилни телефони | Одговор на прашања со целосна реченици<br><br>Создава едноставна медиумска содржина на дадена тема составена од текст и слика, фотографија или видео снимка.<br><br>Активно учество во групни активности |

resursi.literatura.mk